## ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА СХТМ 2018 ГОДИНА
## (4 април 2018 год.)

(Поради немање кворум, материјалите се испратени и гласањето ќе се изврши по електронски пат.)

Дневен ред:
1. Годишен извештај за работа и завршна сметка за 2017 год.
2. План на активности за 2018 год.

### 1. Годишен извештај за работа и завршна сметка за 2017 година

### 1.1. Во 2017 год. СХТМ ги организираше следниве активности:

а) Издавање на *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* – MJCCE. Согласно предвидената динамика излегоа два броја на списанието, едниот во јуни 36(1)/2017, а вториот во декември 36(2)/2017. Во 2017 год. не успеавме да добиеме финансиски средства од Министерството за образование и наука на РМ. Најновиот фактор на влијание според Science Citation Index изнесува 0,400 додека петгодишниот е 0,676.

б) Во заедничката организација со Турското хемиско друштво од 12 до 14 октомври, во хотелот „Александар Палас“ во Скопје, се организираше првата East-West Chemistry Conference – EWCC-2017. На конференцијата имаше пет пленарни и десет поканети предавачи од повеќе земји во светот, а учество зедоа околу 200 учесници со усни и постерски презентации. За членовите на СХТМ котизацијата беше повластена и изнесуваше само 5000 ден. („нормалната“ котизација изнесуваше 350 евра).

в) Во истиот термин и на истото место се одржа 12-тиот студентски конгрес на СХТМ. Учествуваа вкупно 109 учесници од Македонија, Србија, Словенија, Полска, Обединети Арапски Емирати и Косово. Претседател на научниот одбор беше проф. д-р Јадранка Блажевска Гилев, додека на организацискиот одбор проф. д-р Александра Бужаровска.

г) Во организација на СХТМ на 14 мај 2017 год. во Институтот за хемија се одржа државниот натпревар по хемија за учениците од основното и средното образование. Претходно беа одржани општински и регионални натпревари. Во основното беа пријавени вкупно 1387 ученици, додека во средното 372 ученици. За освоените прво место и први три награди учениците добија дипломи, нивните ментори пофалници, а другите учесници на државниот натпревар добија сертификати за учество.

д) СХТМ го организираше (подготовка на учениците и обезбедување на финансии во висина од 6000 евра!) учеството на македонски тим на 49-тата меѓународна олимпијада по хемија што се одржа во Бангкок, Тајланд од 6 до 15 јули 2017 год. За првпат беше освоен и бронзен медал од страна на Филип Трајковски (Гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“, Скопје). Ментори на екипата беа доц. д-р Миха Буклевски и проф. д-р Слоботка Алексовска.

ѓ) СХТМ заедно со Друштвото на физичари на РМ и Македонското биолошко друштво учествуваше во организацијата на учеството на македонскиот тим на 14-тата јуниорска олимпијада по природни науки што се одржа во Холандија од 3 до 12 декември 2017 год. Мила Иваноска (ООУ „Даме Груев“, Битола) освои бронзен медал. Ментор на екипата од СХТМ беше доц. д-р Марина Стојановска.

е) СХТМ беше главен организатор на овогодишната манифестација „Ноември – месец на науката“ во соработка со уште седум друштва и Природно-математичкиот факултет. Оваа манифестација беше организирана по втор пат и се одржа во Институтот за хемија со учество на повеќе од илјада ученици и двестотини наставници. Беа изведени 180

демонстрации од хемија, 120 демонстрации од физика, 90 демонстрации од биологија, 23 демонстрации од математика, 16 демонстрации од географија и 82 демонстрации од природни науки, а учениците проследија и 20 научно-популарни предавања од сите области на природните науки и математика, како и работилници од природни науки (биологија, физика и хемија) и математика. Според мислењето на повеќето учесници организацијата била одлична и треба да служи за пример како да се организираат овие манифестации во иднина.

ж) Од 26 до 27 септември во Рим се одржа Собрание на EuCheMS на кое беа извршени избори на нови членови на Извршниот одбор, прием на нови членови и на финансиски извештај за активностите на EuCheMS. На Собранието зеде учество претседателот на СХТМ.

з) Секцијата за терминологија и номенклатура во соработка со Македонската академија на науките и уметностите ги започна своите активности за создавање терминологија од областа на хемијата на македонски јазик. Во првава фаза се собрани сите индекси на преведуваните учебници по хемија и се врши селекција на термините што се од интерес. Оваа активност ја води акад. Глигор Јовановски.

и) Во текот на 2017 год. е подобрена веб-презентацијата на СХТМ. Набавен е и инсталиран нов сервер на СХТМ, купен е нов домејн sctm.mk и поставена е нова web страница. За потребите на 12-тиот конгрес на СХТМ беше изработена посебна web страница. За претстојниот 25-ти конгрес на СХТМ е поставена платформа (Open Conference Systems што е од истата фамилија како и Open Journal Systems на која го водиме MJCCE) на која ќе се поставуваат сите собири во организација на Сојузот.

### 1.2. Финансиски извештај на СХТМ за 2017 година

Како посебен прилог е дадена целосната завршна сметка на СХТМ како што беше поднесена во Централниот регистар од нашиот сметководител. Во продолжение табеларно е даден само преглед на вкупните приходи и расходи.

Табела 1

*Преглед на вкупни приходи и расходи на СХТМ во 2017 година*

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПЕН ПРИХОД** | | **2.226.998** |
| **I** | Приходи од членарина и котизации | 1.698.447 |
| **II** | Приходи од камати и вонредни приходи | 1.938 |
| **III** | Пренесен вишок од минатата година | 526.603 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **1.557.775** |
| **IV** | **Материјални расходи** | |
| 1. | Потршен материјал (гориво) | 14.551 |
| 2. | Непроизводни услуги<br>- Paypal плаќања – ProofReadingService, CrossRef … | 82.201 |
| 3. | Персонален данок за договор на дело | 47.813 |
| 4. | Договор на дело | 431.840 |
| 5. | Сметководство | 16.500 |
| 6. | Фунционални расходи<br>- одржување на натпревари<br>- печатење дипломи<br>- печатење на MJCCE | 937.220 |
| **V** | **Други расходи** | |
| 1. | Провизија на банки | 13.421 |
| 2. | Дневници за службени патувања | 14.229 |
| **VI** | **Вишок на приходи** (пренесен за нареден период) | |
| | Приходи минус расходи (се пренесуваат во **2018**) | **669.223** |

## 2. План на активности за 2018 година

Во основа продолжуваат истите активности како и во претходната година со соодветни измени:

а) Во план е да се издадат два боја на MJCCE, 37(1)/2018 и 37(2)2018. Веќе се побарани средства од МОН за финансиска поддршка за списанието и се одобрени 300.000 денари.

б) Во 2018 година од 19 до 22 септември во хотел „Метропол“ во Охрид ќе се организира јубилејниот 25-ти конгрес на СХТМ. Веќе е поставена веб-страница и пријавени се квалитетни предавачи кои прифатија учество. Претседател на Организацискиот одбор е проф. д-р Виктор Стефов и на Научниот одбор проф. д-р Трајче Стафилов.

в) Во оваа година се планираат натпревари по хемија за основни и средни училишта.

г) Се планира учество на јубилејната 50-та меѓународна олимпијада по хемија што ќе се одржи во Братислава, Словачка и во Прага, Чехија.

д) Се планира и учество на Меѓународната јуниорска олимпијада за природни науки што ќе се одржи во Габорн, Боцвана од 2 до 11 декември 2018 год.

Претседател на СХТМ

Проф. д-р Зоран Здравковски